Машински факултет
Број 02-1584/1
10.6.2010 година
Скопје

Врз основа на член 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во врска со член 180 од Законот за високото образование ("Сл. Весник на РМ" број 35/2008), Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 10.06.2010 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за утврдување на рокот за завршување на студиите по Наставниот план од 1997/98 година

1. Студентите на Машинскиот факултет во Скопје кои се запишани и студираат по Наставниот план од 1997/98 година на VII-1 и VI-1 степен на студии, односно на додипломски студии во траење од 5 и од 2,5 години должни се студиите да ги завршат во следниве рокови:

- за VII-1 степен на студии, односно додипломски студии во траење од 5 години до истекот на студиската 2011/2012 година или заклучно до 14.09.2012 година;
- за VI-1 степен на студии, односно додипломски студии во траење од 2,5 години до истекот на студиската 2010/2011 година или заклучно до 14.09.2011 година.

2. Студиите од VII-1 степен, односно додипломските студии во траење од 5 години завршуваат со полагање на сите испити предвидени со наставниот план и програм на студиите и изработка и одбрана на дипломска работа (дипломски труд), а студиите од VI-1 степен, односно додипломските студии во траење од 2,5 години завршуваат со полагање на сите испити предвидени со наставниот план и програм на студиите.

3. На студентите кои нема да ги завршат студиите до истекот на наведениот рок им престанува статусот на студент на Машински факултет во Скопје.

Овие студенти можат да го обноват статусот на студент со продолжување на студиите преку вклучување во тековни студиски програми и според правилата и условите за студирање за студиската програма на која ги продолжуваат студиите.

4. Трошоците за обновување на статусот на студент и трошоците за студирање на студиската програма на која ги продолжува студиите ги поднесува студентот.

5. За одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот да бидат поединечно известени студентите во писмена форма и преку јавно соопштение во дневниот печат.

6. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Одлуката да се достави до: продеканот за наставна дејност, студентска служба, општа служба и архивата на Машинскиот Факултет - Скопје

Декан

Проф. д-р Атанас Кочов